Архивски знак: 0507
Рок на чување: 10 год.
2016 година
Потпис:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-001845/16-0024 од 31.05.2016 година, изготвен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 06/2016 за доделување на договор за јавна набавка на „Услуга за изработка на интернет страната на ЦУ на РМ“, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

Друштво за консалтинг и услуги НОЛЕЏ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001845/16-0003 од 15.03.2016 година за набавка на „Услуга за изработка на интернет страната на ЦУ на РМ“.

Потребните средства во вкупен износ до 1.000.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, ќе бидат планирани и обезбедени на следниов начин:

- средства во износ од 736.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 631, програма 20, ставка 480,
- средства во износ од 132.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631, програма 20, ставка 480, и
- средства во износ од 132.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631, програма 20, ставка 480.

Набавката се спроведе со постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и покана за поднесување на конечна цена преку ЕСЈН како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 100 и член 125-а од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка 05-001845/16-0015 од 04.05.2016 година, со кој предложи како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот Друштво за консалтинг и услуги НОЛЕЦ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје (ЕДБ 4058011510275/ЕМБС 6712428), со доставена понуда број 05-001845/16-0011 од 04.04.2016 година.

Со Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 08-299/8 од 18.05.2016 година, се укина Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-001845/16-0017 од 09.05.2016 година, донесена по спроведената постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас број 06/2015 за доделување на договор за јавна набавка на „Услуга за изработка на интернет страната на ЦУ на РМ“ и предметот се врати на повторно постапување.

Комисијата за јавни набавки во повторната евалуација постапувала по насоките на Државната комисија за жалби по јавни набавки дадени во предметното решение и тоа:

- во новиот дополнителен извештај од спроведена постапка ја навела понудата која била доставена во хартија од понудувачот ВЕОБИТ ДОО Скопје и за истата констатирала неприфатливост, поради тоа што била доставена спротивно од наведеното во точка 11.2. од поедноставената тендерска документација,
- побарала појаснување на понудите од понудувачот УЛТРАНЕТ ДОО Скопје и од понудувачот ФОКСИТ ДОО Скопје, за да со сигурност ја утврди примената на одредбите од член 46 став (2) алинеја 2 од Законот за јавни набавки, и
- повторно постапила согласно член 125-а од Законот за јавни набавки, а извештајот од поднесената конечна цена е составен дел од досието на оваа постапка во ЕСЈН .

Согласно насоките од решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, а по извршено повторно евалуирање на понудите, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави нов дополнителен извештај од спроведена постапка број 05-001845/15-0024 од 31.05.2016 година, како дополнување на претходно доставениот извештај, со кој повторно предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере Друштво за консалтинг и услуги НОЛЕЦ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје (ЕДБ 4058011510275/ЕМБС 6712428), со доставена понуда број 05-001845/16-0011 од 04.04.2016 година.

Изборот е извршен врз основа на евалуирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот и особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Наташа [illegible]деска Крстевска

Бр. 05-001845/16-0026
Скопје, 07-06-2016 г.

Доставено во оригинал до:
- Претседател на комисијата за јавни набавки
- писарница/архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, члeновите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески